**20231142132**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 27 став (1) алинеја 6 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 87/23), министерот за внатрешни работи, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОБНИТЕ ТАБЛИЦИ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕГИСТАРСКИТЕ ТАБЛИЦИ И НА ПРОБНИТЕ ТАБЛИЦИ НА ВОЗИЛАТА, КАКО И НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА НИВНО ИЗДАВАЊЕ**

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на пробните таблици, формата и содржината на регистарските таблици и на пробните таблици на возилата, како и начинот и постапката на нивно издавање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 293/20), по членот 26 се додава нов член 26-а, кој гласи:

„Член 26-а

(1) На сите регистарски таблици кои ја содржат буквената ознака „МК“, се става налепница со идентична димензија како вертикално поставената ознака „МК“, на која е испишана националната ознака „НМК“.

(2) На сите регистарски таблици кои не ја содржат буквената ознака „МК“, во делот пред регистрационото подрачје се става налепницата на која е испишана националната ознака „НМК“.

(3) Налепницата од ставовите (1) и (2) на овој член е изработена од рефлектирачка фолија која е отпорна на временските услови и други надворешни влијанија.

(4) Формата и големината на налепницата од ставовите (1) и (2) на овој член се дадени во Прилог бр. 6, кој е составен дел на овој правилник.

Член 2

Во член 28 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Регистарските таблици од став 1 на овој член и регистарските таблици кои не ја содржат буквената ознака „МК“ треба да се заменат со нови регистарски таблици кои ја содржат националната ознака „НМК“ или на истите да се стави налепницата од член 26-а од овој правилник, најдоцна до 12 февруари 2024 година“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 13.1-61716/1 | Министер |
| 29 мај 2023 година | за внатрешни работи, |
| Скопје | **Оливер Спасовски**, с.р. |

Прилог бр. 6







NMK
63
15
8
48
4
8
2
10
2
8
3
37


NMK
48
9
3
4
4
1
1
2
18